РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 11-2874/2
09-09-2022 г./v.

# ИЗВЕШТАЈ

за антикорупциска проверка на
Законот за земјоделското земјиште

**Наслов:**

Закон за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр.135/2007, 17/2008, 18/2011, 42/2011, 148/2012, 79/2013, 87/2013, 106/2013, 164/2013, 39/2014, 130/2014, 166/2014, 72/2015, 98/2015, 154/2015, 215/2015, 7/2016 и 39/16 и „Службен весник на Република С. Македонија бр.161/2019)

**Доставено барање мислење од овластен предлагач/по сопствена иницијатива :**

По сопствена иницијатива, врз основна на член 17 став 1 точка 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/2019), а во врска со предлогот доставен од Здружението за заштита на правата на граѓаните „ Човекот над профитот" Скопје, ул.„ Мајка Тереза" бр.28, локал 3.

**Област:**

Земјоделство

## Генерална оценка

1. **Осврт на барањето :**

Со законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр.135/2007, 17/2008, 18/2011, 42/2011, 148/2012, 79/2013, 87/2013, 106/2013, 164/2013, 39/2014, 130/2014, 166/2014, 72/2015, 98/2015, 154/2015, 215/2015, 7/2016 и 39/16 и „Службен весник на Република С. Македонија бр.161/2019) се уредува користењето, располагањето, заштитата и пренамената на земјоделското земјиште.

Целите на овој закон се рационално користење на земјоделското земјиште како ограничен природен ресурс, заштита на земјоделското земјиште и обезбедување на правна сигурност на сопствениците и корисниците на земјоделското земјиште

2. **Разгледани / консултирани дополнителни материјали**:
   Закон за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр.135/2007, 17/2008, 18/2011, 42/2011, 148/2012, 79/2013, 87/2013, 106/2013, 164/2013, 39/2014, 130/2014, 166/2014, 72/2015, 98/2015, 154/2015, 215/2015, 7/2016 и 39/16 и „Службен весник на Република С. Македонија бр.161/2019)
   Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/2019)

Државната Комисија за спречување на корупција, врз основа на член 17 став 1 точка 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/2019), а согласно со Методологијата за антикорупциска проверка на легислативата, по спроведената антикорупциска проверка на одредбите од Законот за земјоделското земјиште, го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**

Државната комисија за спречување на корупција по извршената анализа и оценка на одредбите од Законот за земјоделското земјиште не најде на постоење на ризици од корупција.

Образложение

Државната комисија за спречување на корупцијата по сопствена иницијатива, а во врска со предлогот доставен од Здружението за заштита на правата на граѓаните „ Човекот над профитот" Скопје, ул.„ Мајка Тереза" бр.28, локал 3, спроведе антикорупциска проверка на одредбите од Закон за земјоделското земјиште со кој се уредува користењето, располагањето, заштитата и пренамената на земјоделското земјиште.

По спроведената антикорупциска проверка на Законот за земјоделското земјиште Државната комисија не најде на регулаторни ризици за корупција, поради што го донесе споменатиот заклучок.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил С.Ѓ.,
Одобрил м-р Ш.Салаи член на ДКСК,